РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЗИЈА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
BORDI PËR AKREDITIM I ARSIMIT TË LARTË

Бр.-Nr. 08-477/1
28-07- 2026 год.-viti

Врз основа на член 48 став (2) точка 6, член 149 став (2) од Законот за високото образование* („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.178/21, 58/24 и 124/25), Одборот за акредитација на високото образование на Република Северна Македонија, на својата 66 седница одржана на 03.07.2026 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

за акредитација на студиската програма „Водство и управување во образованието", од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС), на Факултет за јазици, култури и комуникација при Универзитет на Југоисточна Европа - Тетово

1. Се акредитира студиската програма „Водство и управување во образованието ", од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС), на Факултет за јазици, култури и комуникација при Универзитет на Југоисточна Европа , согласно Законот за високо образование* („Службен весник на Република Македонија" бр.82/18), Правилникот за стандардите и нормативите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 249/22, 4/23 и 97/24) и Уредбата за утврдување на научно-истражувачките полиња од трето ниво (области) („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 91/2024).

2. Акредитација за студиската програма од точка 1 на ова решение е за период од пет студиски години, почнувајќи од студиската 2026/2027 година.

3. По завршување на студиите на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 180 ЕКТС кредити и се стекнува со академски назив: Доктор на науки по водство и управување во образованието/во меѓународен промет академски назив: Doktor of Science in Edukational Management and Leadership.
Научно - истражувачко подрачје: 5 – Општествени науки; Научно – истражувачко поле: 5.03 Воспитание и образование; Научна, стручна или уметничка област: 5.03.00.06 Образовен менаџмент.

4. Акредитирани ментори за докторски студии на студиската програма се: проф.др Арафат Шабани, проф.др. Хасан Јашари

5. Менторот на докторски студии од точка 1 на ова решение може истовремено да биде ментор на најмногу три докторанти кои кај него ќе се обучуваат за научна работа и за изработка на докторски труд.

6. Ова решение е конечно и влегува во сила со денот на донесувањето.

О б р а з л о ж е н и е

По предходно донесената Одлука бр. 08-1423/5 од 30.05.2025 година од страна Сенатот на универзитетот, за усвојување на студиската програма „Водство и управување во образованието", трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС), на Факултет за јазици, култури и комуникација при Универзитет на Југоисточна Европа, култури и комуникација при Универзитет на Југоисточна Европа, до Агенцијата за квалитет во високото образование, односно до Одборот за акредитација на високото образование, достави барање со нивен бр. 03-2169/1 од 17.06.2025 година (наш бр. 08 - 477/1 од 19.06.2025 година) за прифаќање на елаборат, односно за акредитација на предметната студиска програма.

Одборот за акредитација на високото образование, на 33-та седницата одржана на 08.07.2026 година, формира стручна комисија за разгледување на барањето за акредитација со придружната документација и подготвување на извештај по однос на барањето и документацијата.

Врз основа на позитивната оценка содржана во извештајот на стручната комисија, бр.08 – 477/6 од 03.07.2026 година, согласно Законот за високо образование*, Правилникот за стандардите и нормативите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 249/22, 4/23 и 97/24) и Уредбата за утврдување на научно-истражувачките полиња од трето ниво (области) („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 91/2024). и Правилник за методологијата, стандардите и постапката за акредитација на високообразовните установи и за акредитација на студиските програми („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.256/22), Одборот за акредитација на високото образование, на својата 66-та седница одржана на 03.07.2026 година, одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Правна поука: Решението за акредитација на студиска програма е конечно и против него може да се поднесе тужба до Управниот суд.

Претседател на Одборот за акредитација на високото образование
Проф. д-р Горан Марков